Предлагач: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, март 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup
06. 03. 2025
08 1560/1

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИКА

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот на Државниот испитен центар, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

**Пратеници:**

Марија Василевска

Даниела Христова

Лијана Илиевска

Весна С. Серафимовска

Даронија Пасовска

Рашела Мизрахи

Бети Стаменкоска Трајкоска Б.С.Т.

В О В Е Д

## I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во 2008 година Собранието на Република Македонија го донесе првиот Закон за Државниот испитен центар. Измени на законот се правени во 2009, 2014, 2016 и 2018 година. Со овој закон првпат по укажувања на држави членки на ЕУ, како и Светска банка формирана беше независна институција која институционално се издвои од Бирото за развој на образованието. Со овој закон се дефинираа надлежностите на Државниот испитен центар како единствена институција надлежна за организација, спроведување и поддршка на матурата, екстерните оценувања и проверување на постигањата на учениците во основното и средното образование и за реализација на меѓународни истражувања поврзани со постигањата на учениците.

Имајќи предвид дека се поминати повеќе од 16 години од донесувањето на Законот за Државниот испитен центар, како и зголемувањето на надлежностите на Државниот испитен центар, се јави потреба да се направат изменувања и дополнувања на законот, кои се однесуваат, пред сè, на зајакнување на човечкиот капацитет на управување со Државниот испитен центар како и, подобрување на капацитетите на човечките ресурси заради поефикасна и успешна реализација на работите од надлежност на Државниот испитен центар и подобрување на квалитетот во основното и средното образование.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Државен испитен центар се зајакнуваат капацитетите на управување со Државен испитен центар како и унапредување на условите за ангажирање на човечки ресурси за успешна реализација на работите од надлежност на Државен испитен центар.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување на Законот за Државен испитен центар не предизвикува дополнителни финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот не предизвикува материјални обврски за други лица.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

Член 1

Во Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија“ број 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18), во член 9 став (5) во точката 4) сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка-запирка.

Точка 5) се менува и гласи:

„да има меѓународно признат сертификат или уверение за познавање на англискиот јазик) не постар од пет години и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) - најмалку 30 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 3 бода, КЕТ (KET) (Cambridge English) – положен, АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2), или да има сертификат, уверение или потврда со кое се потврдува познавањето на еден од четирите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски или италијански јазик) на најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или странство, регистрирана како давател на оваа услуга, освен за наставниците по предметот англиски јазик, француски јазик, германски и италијански јазик и“.

По точката 5) се додава нова точка 6) која гласи:

„6) да има изготвено план и програма за работа и развој на Државниот испитен центар за период од четири години.“.

Член 2

Во член 10 по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) За заменик на директор на Државниот испитен центар може да биде избрано лице кое ги исполнува истите услови како и за директор на Државниот испитен центар, освен условот од членот 9 став (5) точка 6) од овој закон.“.

Ставот (2) станува став (3).

Член 3

Членот 13 се менува и гласи:

„(1) Директорот на Државниот испитен центар ангажира надворешни соработници по пат на јавен конкурс, објавен на веб-страницата на Државниот испитен центар.

(2) Во објавениот јавен конкурс се утврдуваат условите кои треба да ги исполнува надворешниот соработник, потребната документација, времето на траење на јавниот конкурс и рокот во кој ќе се изврши изборот.

(3) Директорот на Државниот испитен центар формира Комисија составена од три членови од редот на вработените административни службеници/даватели на услуги во Државниот испитен центар.

(4) Комисијата од ставот (3) на овој член, е должна во рок од седум дена по завршувањето на јавниот конкурс да ги разгледа пристигнатите документи.

(5) На кандидатите кои не ги исполнуваат условите предвидени во јавниот конкурс им се враќаат документите со образложение, во рок од три дена од денот на разгледување на истите.

(6) Комисијата од ставот (3) на овој член, во рок од петнаесет дена од денот на

завршување на јавниот конкурс, до директорот на Државниот испитен центар доставува предлог со кандидати кои ги исполнуваат условите од јавниот конкурс.

(7) Директорот на Државниот испитен центар во рок од три дена од денот на добивање на предлогот на Комисијата од ставот (3) на овој член, врши избор.

(8) Начинот на избор на надворешни соработници го утврдува Управниот одбор, на предлог на директорот на Државниот испитен центар.

(9) Висината на надоместокот за работата на надворешните соработници врз основа на видот и обемот на работата ја утврдува директорот на Државниот испитен центар, по претходна согласност на министерот.“.

Член 4

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со членовите 1 и 2 се допрецизираат условите за избор на директор на Државниот испитен центар.

Со членот 3 се допрецизира постапката за избор на надворешни соработници.

Со членот 4 се уредува дека подзаконските акти предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Со член 5 од овој закон се уредува денот на влегување во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и прават една правна целина.

III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени и дополнувања на Законот за Државниот испитен центар се вршат заради унапредување на човечките ресурси во насока на успешно управување и функционирање на Државниот испитен центар како и успешна реализација на работите од надлежност на Државниот испитен центар.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР, КОИ СЕ ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Директор на Државниот испитен центар

Член 9

(1) Со работата на Државниот испитен центар раководи директор.

(2) Директорот на предлог од министерот за образование и наука го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(3) За избор на директорот се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) Директорот се избира за време од пет години и може повторно да биде избран.

(5) За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

4) има минимум шест години работно искуство во воспитно-образовна дејност или во орган на државната управа надлежен за работите на образованието и

5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

Член 10

Директорот на Државниот испитен центар има заменик кој го заменува директорот во случај на негова отсутност или спреченост со сите негови овластувања и одговорности во раководењето.

Одредбите од овој закон кои се однесуваат на условите, изборот, разрешувањето и мандатот на директорот на Државниот испитен центар се однесуваат и на заменик директорот.

Член 13

(1) Директорот на Државниот испитен центар формира советодавни тела и ангажира надворешни соработници по пат на јавен конкурс.

(2) Членовите на советодавните тела и надворешните соработници од ставот (1) на овој член ги избира директорот од редот на кандидатите кои ги исполниле условите утврдени во јавниот конкурс.